Врз основа на член 384 од ЗТД, Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" Струмица на седницата одржана на ден 29.09.2023 год. донесе:

# О Д Л У К А
# ЗА СВИКУВАЊЕ НА ВОНРЕДНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

1. Да се свика вонредно собрание на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица .

   Собранието да се одржи на ден 01.11.2023 година (среда), со почеток во 9 часот, во просториите на АД за Неметали "Огражден" Струмица на ул. "Маршал Тито" бр. 239.

   Собранието на акционери да работи со следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

I Процедурален дел:

1. Утврдување на кворум за работа на Собранието
2. Избор на 1 (еден) бројач на гласови
3. Избор на претседавач на Собранието

II Работен дел:

1. Донесување на одлука за отповикување на членови на Одборот на директори
2. Донесување на одлука за избор на членови на Одборот на директори
3. Одлука за одобрување на одлуката на Одбор на директори за зголемување на основната главнина во Друштвото за производство, трговија и услуги ОГРАЖДЕН МИКРОМИКС ДООЕЛ увоз - извоз Струмица

Се задолжува Одборот на директори да спроведе постапка за огласување на јавен повик за одржување на годишното собрание на акционери и истиот да биде објавен во дневниот печат и на официјалната интернет страна на друштвото.

2. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Претседател на
Одбор на директори
Партенов Зоран

Врз основа на член 384,385, 387 став 3, 388, 388-а и 388-б од ЗТД, Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" Струмица ОБЈАВУВА:

## П О В И К

За свикување на вонредно собрание на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица за ден 01.11.2023 година (среда) со почеток во 09 часот, а со следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

I Процедурален дел:

1. Утврдување на кворум за работа на Собранието
2. Избор на 1 (еден) бројач на гласови
3. Избор на претседавач на Собранието

II Работен дел:

1. Донесување на одлука за отповикување на членови на Одборот на директори
2. Донесување на одлука за избор на членови на Одборот на директори
3. Одлука за одобрување на одлуката на Одбор на директори за зголемување на основната главнина во Друштвото за производство, трговија и услуги ОГРАЖДЕН МИКРОМИКС ДООЕЛ увоз - извоз Струмица

Годишното собранието ќе се одржи во просториите на АД за Неметали "Огражден" Струмица на ул. "Маршал Тито" бр. 239.

Право на присуство, учество во работата и одлучувањето на годишното собранието имаат сите акционери кои се евидентирани во Акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Македонија, лично или преку полномошник со полномошно кое не мора да биде заверено на нотар. Акционерот мора да го извести друштвото по писмен пат за назначувањето на полномошник на адресата на друштвото,во архивата на друштвото или електронски на електронска пошта contact@ograzden.com.mk.

Секој акционер кој сака да учествува во собранието е должен да го пријави своето учество најдоцна до почетокот на седницата.

Акционерите кои поединечно или заедно имаат 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предлагаат точки за дополнување на дневниот ред или да предлагаат одлуки за усвојување на собранието најдоцна 8(осум)дена по објавувањето на повикот. Прашања можат да се поставуваат до завршувањето на собранието.

Правилата и начините на постапување, детално, се објавени на веб страната на друштвото www.ograzden.com.mk.

Материјалите за работа на годишното собрание ќе бидат достапни на официјалната интернет страница на АД за Неметали "Огражден" Струмица и во просториите на АД за Неметали "Огражден" Струмица на ул. "Маршал Тито" бр. 239 секој работен ден од 13 - 15 часот.

АД за неметали
"Огражден" Струмица

Врз основа на член 70 од Статутотот на АД за Неметали "Огражден" - Струмица - Пречистен текст, како и член 363 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица одржано на ден 01.11.2023година, со јавно и поединечно гласање, ја донесе следната:

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**

**за отповикување на членови на Одборот на директори на АД за неметали "Огражден" - Струмица**

1. **Се отповикуваат сите членови** на Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" - Струмица и тоа:

1. Аристид Маџунков, член
2. Зоран Партенов, член
3. Димитар Ѓоргиев, член
4. Крстина Гошева, член
5. Сашко Ќосевски, член

**2.** Отповикувањето на членовите на Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" - Струмица од точка 1 на оваа одлука, се врши заради и промена на членови.

**3.** Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**4. СЕ ОВЛАСТУВА** генералниот извршен директор на АД за неметали "Огражден" - Струмица, да ја поднесе пријавата за упис во Трговскиот регистар на отповикувањето на членовите на Одборот на директори.

**5.** Примерок од Одлуката да се достави до: Трговскиот регистар, наведените отповикани членови на Одборот на директори, материјалите за Собранието и архивата на Друштвото.

Претседател на одбор на директори

_________________________

Зоран Партенов

Врз основа на член 48 од Статутотот на АД за Неметали "Огражден" - Струмица - Пречистен текст, како и член 367 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица одржано на ден 01.11.2023година, со јавно и поединечно гласање, ја донесе следната:

## <u>ПРЕДЛОГ ОДЛУКА</u>
## за избор на членови на Одбор на директори на АД за неметали "Огражден" - Струмица

**1.** За членови на Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" - Струмица се избираат лицата:

1. Аристид Маџунков, член
2. Марко Маџунков, член
3. Никола Маџунков, член
4. Зоран Партенов, член
5. Сашко Ќосевски, член

За независен член на Одборот на директори кои воедно е неизвршен член се избира лицето Сашко Ќосевски.

**2.** Мандатот на членовите од став 1 на оваа Одлука трае 6 (шест) години сметано од денот на изборот, со право на повторно именување.

**3.** Се задолжуваат лицата од став 1 на оваа Одлука избрани за членови на Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" - Струмица по влегување во сила на оваа Одлука да одржат своја конститутивна седница на која ќе изберат лице кое ќе биде Извршен член и ќе го носи називот Генерален Извршен директор, како и неизвршен член кој ќе биде и Претседател на Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" - Струмица .

**4.** Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**5.** Примерок од Одлуката да се достави до: Централниот регистар, наведените членови на Одборот на директори, материјалите за Собранието и архивата на Друштвото.

Претседател на одбор на директори

____________________________

Зоран Партенов

Врз основа  на член 93, став 2, точка 12 Статутот на Акционерско друштво за неметали Огражден АД Струмица , Собранието на акционери на Акционерско друштво за неметали Огражден АД Струмица , ја донесе следнава:

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**
**за одобрување на одлуката на одбор на директори за зголемување на основната главнина во Друштво за производство, трговија и услуги ОГРАЖДЕН МИКРОМИКС ДООЕЛ увоз-извоз Струмица**

**член 1**

**СЕ ОДОБРУВА Одлуката за зголемување на основната главнина** на Друштво за производство, трговија и услуги ОГРАЖДЕН -МИКРОМИКС ДООЕЛ увоз-извоз Струмица, седиште на ул. Маршал Тито бр.239, Струмица, Струмица, со која основната главнина **се зголемува за износ од 355.482 Евра во денарска противвредност од 21.862.143,00 денари,** така што основната главнина на Друштвото од 890.626 Евра во денарска противвредност од 54.773.506,00 денари, сега изнесува 1.246.108 Евра или во денарска противвредност 76.635,649,00 денари.

**член 2**

**СЕ ОДОБРУВА Зголемувањето на основната главнина да биде од непарични средства сопственост на АД за неметали Огражден и тоа:**
**НЕДВИЖЕН ИМОТ** заведен во имотен лист бр. 3108 во КО-Струмица , со проценета вредност во износ од **355.482 Евра во денарска противвредност од 21.862.143,00 денари,** согласно Извештајот за процена на пазарна вредност на недвижен имот лоциран на КП бр. 7654/2,м.в.Тркања,КП бр. 8032/16, м.в.Белик, КП бр. 8034/3, КП бр и 8034/4 ,м.в.Чамлк, во КО Струмица, од 02.05.2023 година изготвен од Друштво за консалтинг, книговодство, проценка и вештачење БРОКЕР КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Струмица, заведено под бр. 011/2023 од 02.05.2023 година, со следните катастарски ознаки:

- КП бр.7654/2, м.в. Тркања, катастарска култура гиз, површина 19.216м2, право на сопственост;
- КП бр.7654/2, м.в. Тркања, катастарска култура гиз, површина 513м2, земјиште под зграда 1, право на сопственост;
- КП бр.7654/2, м.в. Тркања, катастарска култура гиз, површина 241м2, земјиште под зграда 2, право на сопственост;
- КП бр.7654/2, м.в. Тркања, катастарска култура гиз, површина 25м2, земјиште под зграда 3, право на сопственост;
- КП бр.7654/2, м.в. Тркања, катастарска култура гиз, површина 54м2, земјиште под зграда 4, право на сопственост;
- КП бр.7654/2, м.в. Тркања, катастарска култура гиз, површина 134м2, земјиште под зграда 5, право на сопственост;
- КП бр.7654/2, м.в.Тркања,катастарска култура гиз, површина 567 м2,земјиште под зграда 6, право на сопственост;
- КП бр.7654/2, м.в.Тркања,катастарска култура гиз, површина 532 м2,земјиште под зграда 7, право на сопственост;
- КП бр.7654/2, м.в.Тркања,катастарска култура гиз, површина 21 м2,земјиште под зграда 8, право на сопственост,
- КП бр.7654/2, м.в. Тркања, катастарска култура гиз, површина 593м2, земјиште под зграда 9, право на сопственост;

- КП бр.8032/16, м.в. Белик, катастарска култура гиз, површина 291м2, право на сопственост;
- КП бр.8034/3, м.в. Чамлк, катастарска култура гиз, површина 111м2, право на сопственост и
- КП бр.8034/4, м.в. Чамлк, катастарска култура гиз, површина 131м2, право на сопственост.

**ВКУПНО : 355.482 Евра или противвредност на 21.862.143 денари,**

Единствениот содружник Акциноерското друштво за неметали ОГРАЖДЕН АД Струмица го зголемува основниот влог за износ од 355.482 Евра во денарска противвредност од 21.862.143,00 денари, така што основната главнина на Друштвото од 890.626 Евра во денарска противвредност од 54.773.506,00 денари, **сега изнесува 1.246.108 Евра или во денарска противвредност 76.635,649,00 денари.**

**член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседател на одбор на директори

__________________________

Зоран Партенов